# Политика за информациска безбедност

Цел

Целта на информациската бебзедност е да го овозможи континуитетот во деловното работење на А1 Македонија и да го минимизира ризикот од предизвикана штета со спречување на безбедносни инциденти и намалување на нивното потенцијално влијание.

Политика

- Целта на политиката е да ги заштити информативните средства[1] на организацијата од сите внатрешни, надворешни, намерни или случајни закани.
- Извршниот директор ја одобри политиката за безбедност на информациите
- Безбедносната политика гарантира дека :
  - Информациите ќе бидат заштите од каков било **неовластен пристап**;
  - **Доверливоста** на информациите ќе биде обезбедена;
  - **Интегритетот** на информациите ќе се одржува;
  - **Достапноста** на информациите за деловните процеси ќе се одржува;
  - **Законските и регулаторните** барања ќе се исполнети ;
  - **Плановите за деловен континуитет** ќе се развиваат, одржуваат и тестираат[2];
  - Обука за информациска безбедност ќе биде достапна за сите вработени;
  - **Сите вистински или сомнителни нарушувања на безбедноста на информациите** ќе бидат пријавени до одделот за безбедност и заштита ма податоци и ќе бидат темелно истражени.
- Постојат организациски и технички мерки, кои во континуитет се подобруваат, и кои вклучуваат политики, процеси, процедури, организациски структури и софтверски и хардверски функции за поддршка на политиката.
- Деловните барања за достапност на информациите и системите ќе бидат исполнети.
- Менаџерот за информациска безбедност е одговорен за спроведување на политиката и обезбедување поддршка и совети при нејзиното спроведување.
- Сите менаџери се директно одговорни за спроведување на политиката и обезбедување персонал за усогласеност во нивните оддели.
- Усогласеноста со политиката за безбедност на информации е задолжителна.

Скопје, Октомври 2022

Извршен Директор

Методија Мирчев

[1] Информациите постојат во различни форми и вклучуваат податоци кои може да бидат отпечатени или напишани на хартија, да се чуваат во вид на електронски записи во компјутерски или клауд системи, да се пренесуваат преку пошта или со користење на електронски средства за комуникација, да се прикажуваат на видео записи или да се кажуваат во разговор.

[2] Овој план им овозможува на корисниците пристап до информации и основни услуги секогаш кога тоа е потребно.

Друштво за комуникациски услуги А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Плоштад Пресвета Богородица бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, ЕМБС 7068310, Тел: +389 2 3110077, e-mail: info@a1.mk